# Споделување фотографии и видеа

## Научете како да останете безбедни пред да



MKSafeNet
IDEI Institute for Digitalization Economy and Innovation
Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација
Co-funded by the European Union

# Споделување фотографии и видеа онлајн

Здраво! Ние сме твоите онлајн другарчиња.

Фотографиите и видеата се забавни за споделување, но кога еднаш ќе се објават на интернет, остануваат таму засекогаш.

Затоа е важно секогаш да размислиш пред да кликнеш „сподели“.



# Каде оди фотографијата откако ќе ја споделиш?

Кога ќе споделиш фотографија или видео на интернет, тоа е како да пуштиш хартиено авионче во воздух.

Можеш да го фрлиш… но не можеш да контролираш каде ќе слета.



## Еве што може да се случи:

Кога ќе избришеш објава, тоа значи дека ја нема на твојот профил… ама ако некој веќе ја зачувал, може повторно да ја покаже.

Може да го видат повеќе луѓе отколку што мислиш

Некогаш објавата ја гледаат:
- другарчиња
- другари на другарчињата
- луѓе што воопшто не ги познаваш

# Што се случува кога ќе споделиш?

Некој може да ја зачува објавата

Луѓето можат да:
- направат screenshot (слика од екранот)
- да ја зачуваат на телефон

И после… тие ја имаат кај нив.

Може да се сподели повторно

Еден човек може да ја прати на друг, друг да ја прати на трет… и така фотографијата/видеото може да стигне до многу луѓе, без да знаеш.

Пред да споделиш фотографија или видео, застани за момент и размисли.

## Дали ова е безбедно да го видат и други луѓе?

Доколку не си сигурен/а, подобро е да не споделиш.

### Задача

Погледни ги примерите и заокружи ги оние што се најбезбедни за споделување:

- [ ] Цртеж што си го нацртал
- [ ] Слика од домашно милениче
- [ ] Слика од твоето лице
- [ ] Видео од природата

# Што е безбедно, а што не?

Не сѐ што изгледа убаво или забавно е добро да се сподели на интернет.

Некои фотографии и видеа може да изгледаат безопасно, но сепак да откриваат многу лични информации за тебе.

### Што е безбедно да се сподели

Пример:

- Цртеж што си го нацртал
- Слика од домашно милениче
- Природа како небо, дрвја или цвеќиња
- Твојата омилена играчка или хоби

### Што е небезбедно да се сподели

Пример:

- Фотографии на кои се гледа твоето лице
- Слики со училишна униформа или име на училиште
- Фотографии од внатрешноста на домот
- Слики на кои се гледа адреса

## Задача: Заокружи го точниот одговор

**Слика од твојот цртеж**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**Селфи пред твојот дом**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**Видео од куче во парк**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**Слика со другарче без да го прашаш**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**ПРАВИЛО**
**Доколку сликата покажува со кој си или каде си, не ја споделувај.**

# Видеата откриваат повеќе од сликите

Фотографијата покажува еден момент. Видеото покажува многу моменти по ред. Затоа видеата можат да откријат многу повеќе информации отколку една слика.

## Што сè може да се открие во едно видео

Кога снимаш видео, без да забележиш, може да се види или слушне:

- твојот глас и начинот на кој зборуваш
- твоето лице од повеќе агли
- просторот околу тебе (соба, двор, улица)
- други луѓе што случајно се појавуваат
- зборови или имиња што некој ги кажува во позадина

Сето ова заедно може да каже многу повеќе за тебе отколку што мислиш.

## Што сè може да се открие во едно видео

Замисли дека снимаш кратко видео во твојата соба

На видеото може да се:

- види дел од прозорецот или вратата
- слушне како некој го кажува твоето име
- забележи училиштен ранец или предмет од училиште

Иако видеото изгледа едноставно и безопасно, сите овие мали детали заедно можат да откријат лични информации за тебе.



# Правила за паметно споделување



Интернетот може да биде забавно и безбедно место ако знаеш како паметно да споделуваш.

**Златни правила**

- Не мора сè да се сподели
- Размисли кој може да го види видеото/сликата
- Видеата откриваат повеќе
- Доколку се двоумиш, не споделувај
- Побарај помош од возрасен

## Задача: Заокружи го точниот одговор

**Доколку нешто е забавно, секогаш е безбедно да се сподели**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**Луѓе што не ги познавам може да видат што споделувам**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно

**Видеата можат да покажат повеќе детали од сликите**

☐ Безбедно ☐ Небезбедно